Бр./Nr 12-1897/1
05-05-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување накорупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-2261/1 од 21.08.2025 година, оформен по доставена пријава против лицето ----, в.д. Директор на Националната установа – ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Предметот со бр. 12-2261/1 од 21.08.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 19.09.2025 година поднесена е пријава против лицето ----, в.д. Директор на Националната установа – ---- и оформен е предмет бр. 12-2261/1 од 21.08.2025 година.
Наводите во пријавата се однесуваат на незаконско работење на установата каде веќе биле ангажирани две лица за кои паралелно течел оглас објавен на страните на Агенцијата за вработување на РСМ и на Агенцијата за администрација на РСМ. Според пријавителот, лицата биле во редовен работен однос во период од една година како и на платен список на установата.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за доставување на податоци и информации до установата.

Во законски утврдениот рок, од страна на установата добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
Установата врз основа на добиените согласности од Министерството за финансии и Министерството за култура и туризам за две вработувања за работните места: Соработник за административни, општи и правни работи и за Самостоен референт - сметководител, од 10.07.2025 година со арх. број ----/2 и ----/3, упатила Барање до Агенцијата за администрација (понатаму: АА) за објавување јавен оглас на 15.07.2025 година со арх.број ----/6. Од страна на АА Јавниот оглас бр. ----/2025 бил објавен на 07.08.2025 година, со арх. број ----/23. Истиот ден од установата во Агенцијата за вработување биле поднесени Пријави за потреба од два работника со арх. број ----/24 и ----/25. На 02.09.2025 година од страна на АА, установата била известена со Решение, дека започнатата постапка за вработување, за горенаведениот јавен оглас била ставена во мирување поради распишаните локални избори. Установата изработила решение за ставање постапка во мирување за објавениот оглас за вработување. Дополнително, установата навела и дека по повод пријава со идентична содржина, постапувал и Државниот управен инспекторат.
Видно од Записник за извршен вонреден инспекциски надзор Ип1 бр. ----од 15.09.2025 година, инспекторот утврдил дека со лицето ---- бил склучен авторски договор за вршење на сметководствени работи за установата заведен под бр. ---- од 07.08.2025 година, а со лицето ----бил склучен авторски договор за вршење на административни, општи и правни работи за потребите на институцијата заведен под бр----/1 од 07.08.2025 година.
АА согласно член 8-а став 1 алинеја 4 од Изборниот законик, донела Решение за ставање во мирување на започната постапка за селекција на кандидати за вработување на административни службеници, заведено под бр. ----/11 од 22.08.2025 година.
Согласно гореутврдената фактичка состојба, инспекторот не утврдил неправилности во работењето на установата и ја запрел инспекциската постапка.

Видно од достапната предметна документација со која располага, ДКСК увиде дека установата распишала јавен оглас за вработување на работните места: Соработник за административни, општи и правни работи и за Самостоен референт - сметководител, којшто е ставен во мирување заради тековниот изборен процес. Во установата биле ангажирани две лица со авторски договори,

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

од кои едното вршело сметководствени работи, а другото вршело административни, општи и правни работи за потребите на институцијата.
Согласно одредбите од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), не постојат ограничувања лица коишто се работно ангажирани со авторски договори во рамките на одредена установа, истите да се пријават на јавен оглас за вработување објавен од страна на истата установа.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник
Контролирал: м-р К.З. Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш. Член на ДКСК